Врз основа на член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен Весник на Република Македонија бр. 199/14, 44/15, 44/15 , 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) и член 24 став 1 точка 23 од Статутот на Општина Ѓорче Петров, пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13), и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров – Скопје, го дава следното:

# С О О П Ш Т Е Н И Е

Се известуваат граѓаните и правните лица, дека Општина Ѓорче Петров донесе Решение за организирање на:

**Јавна анкета и Јавна презентација**

на предлог Детален урбанистички план за градска четврт СЗ 21, Општина Ѓорче Петров, Скопје,

Планскиот опфат на ДУП за градска четврт СЗ 21, Општина Ѓорче Петров, Скопје е дефиниран со границите на четвртта СЗ 21 одредени со ГУП на Град Скопје, со следните граници на плански опфат:

- на север: по оска на собирна улица „Ѓорче Петров" (планиран профил по ГУП на Град Скопје 2012-2022),
- на исток: по оска на градска магистрала булевар „Македонска Војска" (планиран профил по ГУП на Град Скопје 2012-2022),
- на југ: по оска на собирна улица. „Алекса Демниески" и осовина на собирна улица „Сремски фронт" (планиран профил по ГУП на Град Скопје 2012-2022),
- на запад: по оска на собирна улица . „Сремски фронт" (планиран профил по ГУП на Град Скопје 2012-2022).

Вкупната површина на планскиот опфат, што ќе се применува при изработка на Деталниот урбанистички план Градска четврт СЗ 21, Општина Ѓорче Петров - Скопје, изнесува **82,30 ha**, вклучувајќи ја и површината помеѓу регулационите линии одредени со ГУП на Град Скопје и површината до осовините на сообраќајниците.

- Јавна анкета ќе трае 15 работни дена од 05.07.2021год. до 23.07.2021год., согласно објавата за организирање на јавна анкета и јавна презентација во јавните гласила „Вечер" и „Нова Македонија", во информацискиот систем е-урбанизам и на веб сајтот на Општина Ѓорче Петров www.opstinagpetrov.gov.mk.
- Во периодот на јавна анкета и јавна презентација предлогот на Детален урбанистички план за Градска четврт СЗ 21, Општина Ѓорче Петров – Скопје ќе биде изложен во просториите на **Домот на култура Ѓорче Петров**, Општина Ѓорче Петров, секој работен ден од 08:00 до 16:00 часот.
- Соопштението за организирање на јавна анкета е објавено во Јавните гласила „Вечер" и „Нова Македонија", во информацискиот систем е-урбанизам и на веб сајтот на Општина Ѓорче Петров www.opstinagpetrov.gov.mk.
- Јавна презентација со стручно презентирање на планот за претставници на јавните претпријатија и институции, ќе се одржи на 08.07.2021 год. во 14:00 часот во просториите на Домот на култура Ѓорче Петров, додека Јавна презентација со стручно презентирање на планот за заинтересираните граѓани, ќе се одржи на 08.07.2021 год. во 15:00 часот во просториите на **Домот на култура,** Ѓорче Петров.
- Во определениот рок заинтересираните правни и физички лица можат да доставät забелешки на анкетните листови во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам или во писмена форма.

Број 03 - 1245/2

од 29.06, 2021 година

Скопје

**Општина Ѓорче Петров**
**Г р а д о н а ч а л н и к,**

**Александар Наумоски**